Македонско Друштво "Илинден" - Тирана
Shoqata Maqedonase "Ilinden" - Tiranë

# ИЛИНДЕН



ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА

Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

ГОДИНА XIV БРОЈ 69 ТИРАНА - АЛБАНИЈА www.vesnik-ilinden.com ISSN 2522-4514 АВГУСТ/СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА

Во овој број

**Страница 2**
ЧЕСТИТКА ПО ПОВОД 8-МИ СЕПТЕМВРИ ДЕНОТ НА НЕЗАВИСНОСТА НА ТАТКОВИНАТА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОДБЕЛЕЖУВА 34 ГОДИНИ ОД СВОЈАТА НЕЗАВИСНОСТ, СУВЕРЕНОСТ И САМОСТОЈНОСТ

**Страница 3**
ПРЕМИЕРОТ ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ ВО ПОСЕТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ОПШТИНА ПУСТЕЦ

**Страница 4**
ПРЕМИЕРОТ ЕДИ РАМА ГО СООПШТИ СОСТАВОТ НА НОВАТА ВЛАДА
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, ЃУРЃАЈ МУ ВРАЧИ БЛАГОДАРНИЦА "ИЛИНДЕН" НА ПРОФ. Д-Р КИМЕТ ФЕТАХУ

**Страница 5**
МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ЈА ОСУДУВА БУГАРСКАТА ПРОВОКАЦИЈА ЗА НЕПОСТОЕЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И МАКЕДОНСКИ ИДЕНТИТЕТ

**Страница 6**
ВЛАДАТА НА МАКЕДОНИЈА ДОНЕСЕ ОДЛУКА ЗА ОТВОРАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛАТ ВО КОРЧА, КОНЗУЛАТОТ ЌЕ БИДЕ СО ЈУРИЗДИКЦИЈА ВО КОРЧА, ПРЕСПА, ГОЛО БРДО, ГОРА И ПОГРАДЕЦ
МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ЈА ПОЗДРАВИ ИСТОРИСКАТА ОДЛУКА ЗА ОТВОРАЊЕ МАКЕДОНСКИ ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛАТ ВО КОРЧА

**Страница 7**
МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА НА Г. ГЕОРГИЈ МУ ГО ЧЕСТИТАШЕ УСТОЛИЧУВАЊЕТО ЗА МИТРОПОЛИТ НА ДЕБАРСКО-КИЧЕВСКАТА ЕПАРХИЈА ДЕБАР
ЃУРЃАЈ И СПАХИУ РАЗГОВАРАА ЗА ПРОБЛЕМИТЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ВО ПОСЕТА НА БИГОРСКИ МАНАСТИР

**Страница 8**
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ НА СРЕДБАТА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ПРИЛЕП, БОРЧЕ ЈОВЧЕСКИ
ИНТЕРВЈУ СО Г-ДИН ЕНДРИТ ФЕТАХУ, ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

**Страница 9**
РЕПОРТАЖА ЗА СЕЛО ОБОКИ ВО ОБЛАСТА ПОЛЕ, МАЌЕЛАРА

**Страница 10**
ПОЧИНА РАМЧЕ БЕЌИРАЈ, ПОЗНАТ ПОД УМЕТНИЧКОТО ИМЕ ГОРАН БОРЈАН, ИСТАКНАТ МАКЕДОНСКИ АКТИВИСТ ОД ОБЛАСТА ГОРА БОРЕЦ ЗА ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА 1969-2025
111 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ГОЛЕМИОТ ПИСАТЕЛ СО МАКЕДОНСКО ПОТЕКЛО СТЕРЈО СПАСЕ




Македонски весник „Илинден“
СЛЕДЕТЕ НÈ

## ЧЕСТИТКА ПО ПОВОД 8-МИ СЕПТЕМВРИ ДЕНОТ НА НЕЗАВИСНОСТА НА ТАТКОВИНАТА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дозволете ми во мое лично име и во име на Македонско друштво "Илинден"-Тирана, како и во името на Македонско национално малцинство во Република Албанија да упатам најискрени честитки по повод 8-ми Септември Денот на независноста на татковината Република Македонија, еден од најзначајните датуми во историјата на македонскиот народ.

Пред точно 34 година македонските граѓани покажаа исклучителна демократска зрелост и донесоа Одлука со која сите се гордееме и која го трасираше патот за посветла иднина на нашата матична држава.

Овој историски ден е симбол на одлучноста и непоколебливоста на македонскиот народ да го оствари својот вековен стремеж и да изгради независна и суверена држава.

Нека е честит 8-ми Септември Денот на независноста на татковината Република Македонија!

Да живее македонскиот народ!
Да живеат Македонците во Албанија!

Нека ни е честит и вековит денешниот празник, нека е вечна нашата татковина Република Македонија.

**Со почит,**
**Никола Ѓурѓај**
**Поретседател на Македонско друштво "Илинден"-Тирана**

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОДБЕЛЕЖУВА 34 ГОДИНИ ОД СВОЈАТА НЕЗАВИСНОСТ, СУВЕРЕНОСТ И САМОСТОЈНОСТ



На 8 Септември, Република Македонија го одбележува Денот на независноста. Овој државен празник ја симболизира борбата, стремежот и конечното остварување на сувереноста и самостојноста на македонскиот народ.

**Историски контекст и настани што му претходеа на Референдумот**

Во екот на распадот на поранешната СФР Југославија, на 8 септември 1991 година, македонските граѓани се изјаснија за независност преку референдум. Тоа беше период на голема политичка неизвесност и воена нестабилност во регионот.

Уште претходната година, Словенија го отвори патот кон самостојност, а по нејзиното прогласување независност на 24 јуни 1991 година, следуваа оружени конфликти со ЈНА кои траеја околу месец дена. Сличен чекор презеде и Хрватска, што резултираше со ескалација на насилство, особено во Сплит, каде за жал загина и македонскиот војник Сашо Гешковски.

Овие настани го забрзаа процесот на дезинтеграција на Југославија, а ситуацијата се заостри и во Босна и Херцеговина, каде беа формирани т.н. српски автономни области. Како одговор, Европската заедница на 27 август 1991 ја донесе Декларацијата за Југославија и иницираше мировна конференција во Хаг, со надеж дека ќе се спречи целосна граѓанска војна.

Во таков контекст, на 25 јануари 1991 година, првиот повеќепартиски македонски парламент ја усвои Декларацијата за независност, со што започна процесот што кулминираше со референдумот во септември истата година.

**Референдумот – глас за самостојна Македонија**

Референдумот што се одржа на 8 септември 1991 година беше историски момент за македонската

државност. Повеќе од 95% од граѓаните кои излегоа на гласање позитивно одговорија на прашањето: „Дали сте за самостојна Македонија со право да стапи во иден сојуз на суверени држави на Југославија?“ Според официјалните податоци, од вкупно 1.495.626 регистрирани гласачи, излегле 1.132.981, а дури 1.079.308 се изјасниле „за“. Спроведувањето на референдумот помина без приговори или жалби за неправилности, што дополнително ја зацврсти неговата легитимност.

**Историски момент: Првата прослава на Плоштадот Македонија**

По затворањето на избирачките места, граѓаните спонтано се собраа на плоштадот „Македонија“ во Скопје, каде Македонското радио организираше свеченост под мотото „Глас за Македонија“. Настапија бројни музички ѕвезди, а пред насобраните граѓани се читаа првичните резултати од гласањето. Во таа историска ноќ, се обрати и Киро Глигоров, кој подоцна ќе стане првиот претседател на Република Македонија, изјавувајќи: „Граѓани и граѓанки на Македонија, дозволете вечерва да ви ја честитам слободна, суверена и самостојна Македонија.“ Слични прослави се одржаа низ целата држава.

## ПРЕМИЕРОТ ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ ВО ПОСЕТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ОПШТИНА ПУСТЕЦ



На 27 јуни 2025 год. премиерот на Република Македонија, Христијан Мицкоски беше присутен на Македонскиот фолклорен фестивал Преспа во Општина Пустец, во Албанија.

Премиерот на Република Македонија, Христијан Мицкоски порача дека Пустец е доказ дека припадноста не се брише, дека коренот останува, дури и кога над него дуваат силни ветрови и дека постојат луѓе што не чекаат благодарност, туку само можност да продолжат онаму каде што другите би се откажале.

Ви благодарам што ја носите таа тишина исполнета со сила. Ви благодарам што останавте свои. И ви ветувам, оваа држава ќе знае да ви возврати со почит, со работа и со постојана поддршка. Да живее секој кој со достоинство го чува својот идентитет. Да живее заедништвото што не признава граници, туку само вистински вредности, истакна Мицкоски.

Тој додаде дека во последно време сме сведоци како се обидуваат да нѐ негираат, надсинхронизираат, да нѐ направат модерни, да нѐ бришат, да се обидуваат сето она што е македонско да го оспоруваат.

Но, она што го гледам и она што го чувствувам во Пустец за мене е голема инспирација да продолжиме да ги поддржуваме Македонците насекаде во светот и да покажеме дека сме Македонци, со многувековен посебен идентитет, кои говорат на свој мајчин јазик, различен од сите балкански јазици. Ние сме горди Македонци и ќе останеме да бидеме, истакна Мицкоски.

Нагласувајќи пред присутните дека тие се лојални граѓани на Албанија, тој им порача дека во него и во Владата може да гледаат брат и пријател, како и дека може да сметаат на помош за се што им е потребно.

Македонија по седум години национално понижување и ограбување од политичари кои за среќа сега се минато, овие 13-14 месеци доживува и економска и национална ренесанса. Ние не сме ниту Грци, ниту Бугари, ниту Срби, туку сме Македонци, во Албанија и насекаде во светот, рече Мицкоски.

Во обраќањето пред жителите на Пустец и Мала Преспа, Мицкоски нагласи оти верува дека дека една нација ја чини токму ова, врската меѓу луѓето кои ја чувствуваат како своја, без разлика каде живеат.

И кога сме блиску и кога сме далеку, кога сме во татковината или надвор од неа, чувството, идентитетот, припадноста остануваат исти. Вашето место во оваа приказна е посебно. Не само затоа што географски сме во различни држави, туку затоа што по сѐ друго сте длабоко во срцето на нашата татковина. Вие сте синоними за истрајност, за тивка лојалност, за истовремено достоинство и скромност. И кога никој не ве прашувал, и кога не ве спомнувале, вие останавте тоа што сте. И останавте лојални на државата во која живеете, рече Мицкоски.

## ПРЕМИЕРОТ ЕДИ РАМА ГО СООПШТИ СОСТАВОТ НА НОВАТА ВЛАДА

Премиерот Еди Рама го соопшти составот на новата Влада на Република Албанија.




Имињата на новиот владин кабинет:

1. КЛОДИЈАНА СПАХИУ, заменик-претседател на албанскиот парламент
2. ТАУЛАНТ БАЛА, претседател на пратеничката група на Социјалистичката партија
3. БЕЛИНДА БАЛУКУ, заменик-премиер, министер за инфраструктура и енергетика
4. АЛБАНА КОЧИУ, министер за внатрешни работи
5. ЕЛИСА СПИРОПАЛИ, министер за Европа и надворешни работи
6. ПЕТРИТ МАЛАЈ, министер за финансии
7. БЛЕНДИ ГОНЏЈА, министер за култура, туризам и спорт
8. СОФИЈАН ЈАУПАЈ, министер за животна средина
9. МИРЕЛА КУМБАРО, министер за образование
10. ЕВИС САЛА, министер за здравство
11. ДЕЛИНА ИБРАХИМАЈ, министер за економија и иновации
12. БЕСФОРТ ЛАМАЛАРИ, министер за правда
13. ПИРО ВЕНГУ, министер за одбрана
14. АНДИС САЛА, министер за земјоделство
15. МАЈЛИНДА ДУКА, државен министер и главен преговарач со ЕУ
16. ЕРВИН ДЕМО, државен министер за локална самоуправа
17. ТОНИ ГОГУ, државен министер за парламентарни односи

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА, ЃУРЃАЈ МУ ВРАЧИ БЛАГОДАРНИЦА “ИЛИНДЕН“ НА ПРОФ. Д-Р КИМЕТ ФЕТАХУ



Претседателот на Македонското друштво “Илинден“-Тирана Никола Ѓурѓај на 21 јули 2025 година во просторите на Македонска Амбасада во Тирана му врачи благодарница “Илинден“ на истакнатиот македонски активист проф. д-р Кимет Фетаху.

Ми беше посебна чест и задоволство во име на Друштвото и на Македонците во Република Албанија, во просториите на Македонската амбасада во Тирана лично да му ја предадам благодарницата “Илинден“ на истакнатиот





македонски активист проф. д-р Кимет Фетаху, за неговата посветена улога и долгогодишен придонес во унапредувањето на правата на Македонците во Република Албанија.

Проф. д-р Кимет Фетаху со својот извонреден активизам придонесе за зајакнување на статусот и правата на македонската заедница и другите етнички заедници, како и за развојот на цивилното и граѓанското општество.

Во продолжение проф. д-р Фетаху истакна: „Голема благодарност за укажаната чест. Ова признание не ми припаѓа само мене, туку на сите кои се борат за правата на Македонците во Република Албанија.

Јас сум само еден од нив. Упатувам и голема благодарност до Љуфтим Спахиу, вршител на должноста амбасадор на Република Македонија во Тирана и до првиот секретар, Радмила Стојмировска за поддршката и организацијата на настанот, изјави меѓу другото Фетаху, заблагодарувајќи се за признанието".

Проф.д-р Фетаху (68) родум е од село Требиште, областГолоБрдо.Тоједокторнанауки,универзитетски професор по рударство и збогатување на минерали и македонски општественик во Република Албанија. Активен е во организирањето на Македонците во Република Албанија, особено по падот на комунистичкиот режим, во 1990 година. Во 1991 година тој ја формира организацијата на Македонците од Албанија „Братство" која во 1993 година е преименувана во „Мир".

По неговите стапки чекори и неговиот син Ендрит Фетаху, кој е потпретседател на македонската партија, Македонска алијанса за европска интеграција, МАЕИ кој присуствуваше на настанот во амбасадата.

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ЈА ОСУДУВА БУГАРСКАТА ПРОВОКАЦИЈА ЗА НЕПОСТОЕЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И МАКЕДОНСКИ ИДЕНТИТЕТ




Македонското друштво "Илинден"-Тирана најостро ја осудува најавата на бугарската држава дека во Извештајот за напредокот на Македонија на Европскиот парламент (ЕП) македонскиот јазик и идентитет ќе бидат целосно избришани.

Вековните македонски јазик и македонски идентитет претходно се споменуваа на неколку места во Извештајот на Вајц, кој беше изгласан со мнозинство на гласови од претставниците на европските држави во Комитетот за надворешни прашања на ЕУ.

По изгласувањето на експертскиот Извештај, започна бугарска офанзива сред претставниците на државите од ЕУ, се бара целосно да бидат избришани овие термини.

Македонците од Република Албанија најостро го осудуваат ставот на бугарската држава и нејзината провокација со која повторно се пласира една небулозна теза, дека не постојат македонскиот јазик и македонскиот идентитет.

Македонското друштво "Илинден"-Тирана не се сомнева во злоупотребата на Софија на нејзиното членство во ЕУ кои со децении се пласирани за пласирање на нејзините дискриминаторски и расистички барања за непостоење на македонскиот јазик и македонскиот идентитет.

Македонско друштво "Илинден"-Тирана ги потсетува бугарското раководство дека македонскиот јазик и македонскиот идентитет се историски факт и дека нам, како Македонци, не ни треба одобрение од други држави за да се изјасниме што сме и кои сме.

## ВЛАДАТА НА МАКЕДОНИЈА ДОНЕСЕ ОДЛУКА ЗА ОТВОРАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛАТ ВО КОРЧА, КОНЗУЛАТОТ ЌЕ БИДЕ СО ЈУРИЗДИКЦИЈА ВО КОРЧА, ПРЕСПА, ГОЛО БРДО, ГОРА И ПОГРАДЕЦ



На предлог на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Владата на денешната седница донесе одлука за отворање Гелерален конзулат во Корча, Албанија. Конзулатот ќе биде со јуриздикција во Корча, Преспа, Поградец, Голо Брдо и Гора.

„Граѓаните мора да имаат брз и ефикасен сервис и услуги, поддршка за културни, образовни и економски врски“.

За Одлуката на Владата попладнево на својот фејсбук-профил инофмира и министерот Тимчо Муцунски.

Шефот на македонската дипломатија посочи дека со отворањето на Генералниот конзулат, Македонците кои живеат во Корча, Преспа, Поградец, Голо Брдо и Гора ќе добијат побрз и полесен пристап до конзуларните услуги, како и поддршка за културни, образовни и економски врски.

„Грижата за Македонците во Албанија не ја покажуваме со зборови, туку со конкретни дела. Целиме кон посилна грижа за интересите на нашите граѓани. Брз, достапен и квалитетен сервис“ вели Муцунски.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ЈА ПОЗДРАВИ ИСТОРИСКАТА ОДЛУКА ЗА ОТВОРАЊЕ МАКЕДОНСКИ ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛАТ ВО КОРЧА




Одлуката на македонската Влада, за отворање генерален конзулат во Корча, за Македонците во Албанија претставува историски чин, стои во соопштениетo на македонското друштво ”Илинден”-Тирана.

Во мое и во име на Македонско друштво “Илинден”-Тирана и Македонците во Република Албанија упатувам честитки до Владата на Република Македонија која на предлог на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, донесе Одлука за отворање на генерален конзулат на Македонија во Корча, историски ден за Македонците во Албанија, се наведува во соопштението потпишано од претседателот на Друштвото, Никола Ѓурѓај.

Потсетува дека како Друштво, заедно со други македонски друштва и партијата МАЕИ, за тоа долго се залагале, но дури сега станува реалност.

Инаку, ова исполнување на барањето од претставници на Македонците во Албанија упатено уште во 2013 година на средбата во Поградец со тогашниот македонски претседател Ѓорге Иванов.

Според Одлуката на Владата, генералниот конзулат во Корча ќе биде со јуриздикција во целиот регион. Граѓаните мора да имаат брз и ефикасен сервис и услуги, поддршка за културни, образовни и економски врски. Владата на Република Македонија продолжува со конкретни мерки и политики кои имаат за цел да ја потврдат вистинската грижа за подобрување на стандардот и враќање на довербата на граѓаните во институциите, се наведува во соопштението од владината прес-служба.

Шефот на македонската дипломатија Тимчо Муцунски посочи дека со отворањето на Генералниот конзулат, Македонците кои живеат во Корча, Преспа, Поградец, Голо Брдо и Гора ќе добијат побрз и полесен пристап до конзуларните услуги, како и поддршка за културни, образовни и економски врски. Грижата за Македонците во Албанија не ја покажуваме со зборови, туку со конкретни дела. Целиме кон посилна грижа за интересите на нашите граѓани. Брз, достапен и квалитетен сервис – нагласува меѓу другото министерот Муцунски.

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА НА Г. ГЕОРГИЈ МУ ГО ЧЕСТИТАШЕ УСТОЛИЧУВАЊЕТО ЗА МИТРОПОЛИТ НА ДЕБАРСКО-КИЧЕВСКАТА ЕПАРХИЈА ДЕБАР




Македонското друштво “Илинден“-Тирана во име на Македонците во Албанија, упати честитка до г. Георгиј по повод устоличувањето за митрополит на Дебарско-кичевската епархија.

„Дозволете ми во мое лично име и во име на македонското друштво “Илинден“-Тирана, и на Македонците во Република Албанија да ви честитам устоличувањето за нов митрополит на Дебарско-кичевската епархија. Ви посакуваме голем успех, убави дела а честа и достоинственоста да ве следат и да се постојано со вас. Достоен“ - стои во честитката потпишана од Никола Ѓурѓај, претседател на Друштвото.

## ЃУРЃАЈ И СПАХИУ РАЗГОВАРАА ЗА ПРОБЛЕМИТЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА



На 4 Август 2025 год. претседателот на Македонското друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај, во македонската амбасада во Тирана оствари средба со Љуфтим Спахиу, вршител на должноста, амбасадор.

На средбата, која помина во срдечна атмосфера, присуствуваше и Ендру Фетаху, потпретседател на единствената македонска партија Македонска алијанса за европска интеграција (МАЕИ).

На работната средба беа актуелизирани прашања кои се однесуваат на проблемите на македонското национално малцинство во Република Албанија. Македонскиот в.д. амбасадор даде поддршка во рамки на надлежностите за активностите на Македонското друштво ”Илинден”-Тирана и за македонското национално малцинство во Република Албанија, информираше Ѓурѓај.

Додава дека во знак на благодарност, во име на Друштвото, на в.д. амбасадорот Спахиу му подарил мал сувенир – логото на Друштвото.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ВО ПОСЕТА НА БИГОРСКИ МАНАСТИР



Претседателот на македонското друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај, во рамки на престојот во државава, на 6. 08. 2025 година го посети Бигорски манастир.

Покрај средбите со првите луѓе на неколку општини и институции, неизоставно, како и секогаш престојував во Бигорски манастир, кој дава голема поддршка за нас Македонците во Албанија, информираше Ѓурѓај.

Секогаш ми е задоволство, додава, да се сретнам со отците во ова светилиште, како и сега остварената со архимандрит Кирил, на која непосредно го запознав со проблемите со кои се соочуваат Македонците во Албанија, како и со активностите на Друштвото.

На срдечниот разговор искажан е заеднички став за унапредување на соработката, но и продолжување на помошта што Бигорски манастир ја дава за црквите каде што живеат Македонци во Албанија, нагласи Ѓурѓај, кој за манастирот донирал примероци од изданијата на весникот “Илинден”.

До сега, покрај другото Бигорски манастир и подари 12 икони на црквата „Свето Преображение“ во селото Ербеле, област Поле или Долни Дебар, кое се наоѓа во близина на албанско-македонската граница кај Дебар, каде што некогаш живееле голем број Македонци.

Во оваа една од најстарите и најзачајни цркви во овој дел на Албанија, дарувањето на иконите следуваше по средбата на Ѓурѓај со епископ Антаниски г. Партениј, игумен на манастирот.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ НА СРЕДБАТА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ПРИЛЕП, БОРЧЕ ЈОВЧЕСКИ



Претседателот на македонското друштво "Илинден"-Тирана, Никола Ѓурѓај на средбата со градоначалникот на Прилеп, Борче Јовчески, разговараа околу поддршката што оваа Општина може да ја даде за Друштвото и унапредувањето на соработката во областа на културата.

Чест и задоволство ми беше што со градоначалникот имавме срдечна средба. Непосредно го запознав со проблемите со кои се соочуваат Македонците, како и со активностите на Друштвото. Добив цврста поддршка за Друштвото, во рамки на можностите на локалната власт, рече Ѓурѓај.

Додаде дека размениле мислење околу соработката на културен план, со настапи на македонски фолклорни групи од Албанија во Прилеп и обратно.

Му заблагодарив, исто така, за грижата кон учениците и студентите Македонци од Албанија, кои се школуваат во образовните институции во Прилеп, посочи Ѓурѓај.

На Јовчески му донирал примероци од изданијата на македонскиот весник "Илинден", кој е "главниот и битен гласник кој информира за активностите, проблемите и прашањата на Македонците во Албанија".

## ИНТЕРВЈУ СО Г-ДИН ЕНДРИТ ФЕТАХУ, ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА




**Македонски весник "Илинден": Како ја оценувате положбата на Македонците во Република Албанија?**

**Г-дин Фетаху:** Положбата на Македонците во Албанија, за жал, останува кревка и нерамноправна, и покрај ветувањата и постоечките закони. Албанската држава, иако формално направи одредени чекори за признавање на малцинствата, во пракса не покажа вистинска волја да им обезбеди на Македонците целосна еднаквост. Сè уште се третираме како граѓани од втор ред, со јасен недостиг на образование на мајчин јазик, без инвестиции во областите каде што живееме и со минимална застапеност во државните институции. Оваа тивка дискриминација мора да заврши, бидејќи европската интеграција на Албанија не може да се гради врз негирање на правата на малцинствата.

**Македонски весник "Илинден": Кои се најголемите проблеми на Македонците во Република Албанија?**

**Г-дин Фетаху:** Проблемите се бројни, но клучниот останува фактот дека албанската држава не ги спроведува законите што самата ги усвои. Образованието на македонски јазик е речиси непостоечко надвор од Преспа, иако тоа е основно право. Многу села и македонски заедници се соочуваат со длабока сиромаштија, изолација и целосен недостаток на развојни проекти од страна на владата. Истовремено, Македонците се речиси невидливи во државната администрација и политичките процеси, што е неприфатливо за една земја која тврди дека е демократска. Овој третман претставува отворена дискриминација и кршење на европските стандарди за човекови права.

**Македонски весник "Илинден": Вашата порака како потпретседател на Македонска алијанса за европска интеграција до Македонците во Република Албанија?**

**Г-дин Фетаху:** Моја порака е јасна – доста беше молк и покорност! Мора да останеме обединети и гласно да го бараме она што ни припаѓа. Не смееме да дозволиме нашите деца да растат без да го учат мајчиниот јазик, не смееме да дозволиме нашиот идентитет да се изгуби поради негрижа или дискриминација од државата. Македонска алијанса за европска интеграција нема да застане сè додека Македонците не добијат еднакви права, училишта на мајчин јазик, поддршка за нашата култура и достојна политичка застапеност. Не очекува долга битка, но нема да се повлечеме, затоа што сме убедени дека правдата е на наша страна.

**Македонски весник "Илинден": Г-дин Фетаху, Ви благодарам за интервјуто, Ви посакувам лични и професионални успеси.**

**Г-дин Фетаху:** Ви благодарам и вам. Вашата улога како медиум е клучна за одржување живо на македонското прашање во Албанија. Ве уверувам дека овој глас никогаш нема да замолкне, затоа што ќе се бориме за еднаквост, достоинство и подобра иднина за секој Македонец во оваа земја.

Македонски весник "Илинден"
Уредник: Никола Ѓурѓај

## РЕПОРТАЖА ЗА СЕЛО ОБОКИ ВО ОБЛАСТА ПОЛЕ, МАЌЕЛАРА



Село Обоки (Katund i Vogël) е живописно село кое се наоѓа во административната единица Маќелара, во областа Поле, во западното подножје на планината Дешат. Се наоѓа на кратко растојание северно од Почести и североисточно од Маќелари. На 4,7 км источно по воздушна линија е границата со Македонија, по која високо во планината се издига врвот Голем Крчин (2.343 м). Во планнинскиот дел на атарот се забележани топонимите Уздарица, Плошт, Ливаѓе, Колца, Сестреница, Слатиница, Острилец, Буја-шума, Света Недела, додека пак во нивскиот дел се топонимите Ченчоици, Уздоба, Пераница, Млачник итн. Сместено меѓу зеленилото и спокојството на природата, ова село ги зачувува старите традиции и карактеристичното гостопримство на своите жители. Со историја тесно поврзана со околното подрачје и пејзажи кои нудат ретка природна убавина, село Обоки е место кое заслужува внимание за оние кои бараат автентичност и мир во срцето.

**Во Отоманското Царство**

Според османлискиот попис од 1467 г. во Хобок имало 3 домаќинства. Во XIX век Обоки било македонско село во Дебарската Каза со мешана вероисповед.. Во „Етнографија на вилаетите Адријанопол, Монастир и Салоника" се вели дека во 1873 г. Обоки било село со 50 домаќинства сочинети од 129 жители Македонци – православни и 58 Македонци – муслимани.

Според статистиката на Васил К'нчов („Македонија. Етнографија и статистика") од 1900 г. во село Обоки живееле 175 Македонци – православни и 180 Македонци – муслимани.




**Гробот на Македонецот Никола Саров Кузманов од село Обоки (1875 – 1972)**

На XIX век во село Обоки имало 25 православни куќи со 125 жители Македонци. бугарско училиште. Во 1911 г. весникот „Дебарски глас" напишал: Три часа северозападно од градот Дебар се наоѓа селото Обоки , сместено на подножјето, недалеку од падините на Крчин Планина, на едно доста плодно место, кое обилно се напојува со водите на истата планина. Селото брои околу 51 куќа, од кои 27 на Македонци – православни и Македонци – муслимани.

Македонците [христијаните] веќе 15 години имаат училиште. Населението на селото без разлика на верата наоѓаат издршка по странство: во Македонија и Солун. Мал дел од машкото население останува дома, за да се занимава со земјоделство. Во 1911 г. селаните одбиле да плаќаат ушур (десеток) на наследниците на Илјаз-паша и на 22 јануари 1911 г. од селото се истерани семејствата на Трпе Костовски, Гиго Костовски, Ангеле Костовски, Кузман Костовски, Блаже Јовчевски, Фетах Сејфула, Реџеп Абдула, Али Елмаз, Черкез Аслан, Сулејман Џемаил, Ферад Абди, Салим Черкез и Вејсал Ферад.

Според статистика на весникот „Дебарски глас“ во 1911/12 г. во Обоки имало 25 македонски православни куќи со 125 жители, и во него работеле црква и училиште.

Јован Хаџи Васиљевиќ во 1924 г. вели дека село Обоки во негово време било мешано село со над 400 жители, селото се делело на три маала: Горно, Средно и Долно. Во негово време во Горното маало живеело само едно христијанско семејство, во Средното сите биле муслимани, а во Долното биле христијаните. Во 1930 г. Село Обоки е заведено како село со 40 куќи. Во селото била зачувана црквата.

Автор Никола Ѓурѓај

## ПОЧИНА РАМЧЕ БЕЌИРАЈ, ПОЗНАТ ПОД УМЕТНИЧКОТО ИМЕ ГОРАН БОРЈАН, ИСТАКНАТ МАКЕДОНСКИ АКТИВИСТ ОД ОБЛАСТА ГОРА БОРЕЦ ЗА ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА 1969-2025



Со длабока тага ја споделуваме веста дека денес почина Рамче Беќирај, познат под уметничкото име Горан Борјан, истакнат македонски активист, педагог и борец за правата на Македонците во Албанија.

Роден во селото Борје, во областа Гора, Рамче Беќирај дипломираше на Филолошкиот факултет при Универзитетот во Тирана, на одделот за јазик и литература. Својата кариера ја посвети на образованието, работејќи како наставник во Тирана.

Се истакнуваше со својата професионалност, поетски талент и долгогодишно ангажирање во училишната библиотека.

Како претседател на Конфедерацијата на синдикати за образование за Образовната канцеларија Вора, активно се залагаше за правата и интересите на наставниците.

Рамче Беќирај беше длабоко поврзан со својот роден крај, областа Гора. Пишуваше статии за положбата, образованието, фолклорот и традициите на Македонците во Албанија.

Како член на Централниот комитет на партијата Македонска алијанса за европска интеграција (МАЕИ), даде значаен придонес во унапредувањето на правата на Македонците во земјата.

Почива во градските гробишта во неговото родно село Борје, Гора. Посветеноста на Рамче Беќирај кон македонската заедница ќе продолжи да живее во срцата на сите што го познаваа и го почитуваа.

Нека му е вечна слава.

## 111 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ГОЛЕМИОТ ПИСАТЕЛ СО МАКЕДОНСКО ПОТЕКЛО СТЕРЈО СПАСЕ



Стерјо Спасе (14. VIII 1914 – 12. XI 1989) писател и критичар од македонско потекло. Автор е на проза и раскази, романи, учебници и репортажни записи. Познат е и како антологичар, преведувач, учебникар и собирач на македонски народни умотворби. Стерјо Спасе е роден на 14 август 1914 година, во село Глобочани, Општина Пустец Мала Преспа, Албанија. Основно училиште завршил во родното место и во Глобочани, Мала Преспа. Образованието го продолжил во Корча и во Елбасан, каде завршува Педагошка гимназија. Работи како учител во Дервичане, село во округот на Ѓирокастро а подоцна предава во Москополе, Корча и Тирана.

Пред Втората светска војна бил соработник на познатите списанија во Тирана и во Романија, како што се „АБЦ“, „АРС“, „Бота е Ре“ „Нов свет“ и др. Во овој период книжевната дејност на Стерјо Спасе е особено плодна.

Тој интезивно твори и создава неколку значајни дела меѓу кои романите „Зошто“ – 1935, „Венера“ – 1944, збирките раскази „Младински венец“ – 1934. “Во прегратките на една жена“ – 1934, „Невеста без превез“ 1944 и др. Во 1935 година во Корча го издава својот прв роман ” Од живот во живот – зошто”. Во романот наречен едноставно “Зошто” ремек-дело на неговото творештво, тој ја опишува историјата на млад интелектуалец, кој се вратил во своето родно село по завршување на обуката и за судирот со



**Стерјо Спасе, Афердита, голема сестра, Николина, мајка, малата сестра Маријана и Илинден**

традиционалното, кој го води до самоубиство. Меѓутоа, набрзо по излегувањето, актуелната власт ќе го забрани романот „Зошто!?“.

Изразувајќи го својот македонски културен идентитет, во периодот пред Втората светска војна, кога Албанија води силна асимилаторска политика, Стерјо Спасе станува непожелен за албанските власти во Тирана. Иако романот „Зошто“, всушност е прв роман отпечатен во Албанија, албанските власти го забрануваат заради македонското потекло на авторот. По ослободувањето, кога во Албанија попушта асимилаторската политика кон малцинствата, Стерјо Спасе околу 50 – тите години се сели во Тирана. Во еден период бил просветен инспектор, уредник на „Наша литература“„Ноември“, „Ново училиште“ и др. Во 1960 година, тој завршил висок курс за книжевност во Институтот за јазик и книжевност „Максим Горки“.

Книжевноста на Стерјо Спасе по Втората светска војна е разновидна. Автор е на проза и раскази, романи, учебници и репортажни записи. Напишал образовни дела, се занимавал со преводи, статии, монографии и сл. Познат е и како антологичар, преведувач, учебникар и собирач на македонски народни умотворби. Неговите дела се преведувани на неколку светски јазици. Стерјо Спасе е автор на десетина романи. По ослободувањето, во 1952 година, тој го издава романот „Тие не беа сами“, во кој ја опишува борбата на албанскиот селенац против беговите. Три години потоа, во 1955 година, го издава и романот „Венера повторно во селото“ . Романите „Огнот”, “Смрт или слобода” – 1978, “Бунтовниците” – 1983 и други, имаат историска тематика во Стерјо Спасе ја опишува борбата на населението во Албанија против Отоманската империја. Во меѓувреме, Спасе пишува и за најмладите. Во 1966 година издава адаптацијата на епски песни за деца „Соколица“, а две години потоа, во 1968 година и приказни за деца „Поздрави од селото“.



**Стерјо Спасе, Нонда Булка, Илинден Спасе, Зиса Цикули, Тирана 1970 година**

Стерјо Спасе ги забележува македонските народни песни од Преспанскиот регион, со што зазема значајно место меѓу собирачите на македонски народни умотворби. По неговата смрт во 1989 година, како дел од македонското културно наследство, под наслов „Македонски народни песни од Мала Преспа“во 1992 година овие песни за печат ги подготвува Благоја Стојчевски. Стерјо Спасе умира во Тирана на 12 ноември 1989 година.

**ИМПРЕСУМ:**

Издавач: Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Главен и одговорен уредник: Никола Ѓурѓај
Лектура: Естела Карамешиноска
Компјутерска обработка: Анита Милевска
Печати: Печатница Абази - Тирана
Фотографии: Редакција на Македонски весник “Илинден” и Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Адреса: Rruga “Mihal Grameno“ Nr. 167, Tirana, Albania
Телефон: +355 69240 1778
E-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com

**© Македонски весник “Илинден” - Сите права се задржани. Не е дозволено копирање, умножување или понатамошна репродукција или дистрибуција на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без претходно добиено одобрение од издавачот.**

Македонска народна  носија Врница - Голо Брдо



Veshje popullore maqedonase **Vërnicë** - Gollobordë